440

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 440/2 | | |

До

Националната комисија за учебници

Предмет: Известие од известителот проф. Даниела Апостоловска за давање предлог за одобрување и употреба на ракопис: **Ликовна уметност за втора година гимназиско образование**

Почитувани,

Како известител ги давам следните известија за секој ракопис со шифри : А , Б, и В по предметот Ликовна уметност за втора година гимназиско образование

**Ракопис со шифра : А**

**Мислење од страна на БРО**

Според сумарното мислење на Бирото за развој на образованието, потпишано од ***Зоран Мазновски советник*** за ракописот А за учебник по предметот Ликовна уметност за втора година гимназиско образование, даваат позитивно мислење .

Ракописот за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование (шифра А) ги опфаќа сите теми и наставни содржини предвидени со наставната програма. Учебникот содржи клучни поими, активности, прашања, како и визуелни материјали кои соодветно ја илустрираат наставната содржина. Содржините се научно засновани и поттикнуваат критичко размислување и самостојно учење кај учениците. Текстот е јасен и разбирлив, а дизајнот е функционален и прегледен.
**Според тоа, ракописот ги исполнува стандардите и барањата за усогласеност со наставната програма и БРО дава позитивно мислење за овој ракопис.**

**Ракопис со шифра : А**

**Рецензија од рецензентската комисија**

Рецензентската комисија во состав: **Академик Невзат Бејтули,Проф. Др. Нехат Бекири Катерина Филипоска Стефановска** во својот сумарен заклучок истакнува дека ракописот со шифра А за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование е целосно усогласен со наставната програма и ги содржи сите потребни наставни содржини и поими.

Содржините се детално разработени и опфаќаат широк спектар на информации, меѓутоа учебникот е преобемен и концептуално и визуелно преоптоварен. Присутен е голем обем на наративен текст, при што секоја тема содржи обемни материјали кои го надминуваат предвидениот фонд на часови. Дел од содржините повеќе одговараат за уметничко образование отколку за општа гимназија.

Деталната анализа покажува дека е преоптоварен како концептуално така и визуелно што негативно влијае врз процесот на учење и разбирањето на наставната содржина од страна на ученици во втора година средно гимназиско образование.

**Ракопис со шифра : Б**

**Мислење од страна на БРО**

Ракописот за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование (шифра Б) ги опфаќа сите теми и наставни содржини предвидени со наставната програма. Учебникот содржи клучни поими, активности, прашања, речник и визуелни материјали кои се во функција на наставниот процес.

Содржините се прилагодени на когнитивното ниво на учениците, поттикнуваат критичко размислување и самостојно учење, а текстот е јасен и разбирлив. Дизајнот е современ и прегледен, без јазични и правописни недостатоци.

**Според тоа, ракописот ги исполнува стандардите и барањата за усогласеност со наставната програма и БРО дава позитивно мислење за овој ракопис .**

**Ракопис со шифра : 034**

**Рецензија од рецензентската комисија**

Рецензентската комисија во состав: **Академик Невзат Бејтули,Проф. Др. Нехат Бекири Катерина Филипоска Стефановска** во својот сумарен заклучок истакнува дека ракописот со шифра Б за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование

Ракописот за учебникот со шифра Б, ги опфаќа сите наставни содржини и поими, активности кои точно ја прецизираат насока во кој правец да се движи се организира часот од страна на предметниот наставник. Прашањата се добро формулирани и одговараат на фондот на часови и когнитивните способности на учениците. Употребена е стручна терминологија, илустрациите се визуелно одделени од текстот. Во содржините, знаеш ли дека, истакнати се клучни поими, термини и факти.

**Ракопис со шифра : В**

**Мислење од страна на БРО**

Според сумарното мислење на Бирото за развој на образованието, потпишано од ***Зоран Мазновски советник*** за ракописот А за учебник по предметот Ликовна уметност за втора година гимназиско образование, даваат позитивно мислење .
Ракописот за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование (шифра В) ги опфаќа сите теми и наставни содржини предвидени со наставната програма. Учебникот содржи клучни поими, активности и визуелни материјали кои се во функција на наставниот процес.
Содржините се современи, поттикнуваат критичко размислување и се прилагодени на учениците. Текстот е јасен и разбирлив, а дизајнот е прегледен и функционален.

**Според тоа, ракописот ги исполнува стандардите и барањата за усогласеност со наставната програма и БРО дава позитивно мислење за овој ракопис.**

**Ракопис со шифра : В**

**Рецензија од рецензентската комисија**

Рецензентската комисија во состав: **Академик Невзат Бејтули,Проф. Др. Нехат Бекири Катерина Филипоска Стефановска** го истакнува својот сумарен заклучок истакнува дека ракописот со шифра В за учебник по Ликовна уметност за II година гимназиско образование

Учебникот со шифра В, има доволно наставни содржини. Колоритноста на страниците е пренагласена особено во однос помеѓу текстот и изборот на репродукции. Има помалку информации во однос на содржината, споредено на двата учебника односно учебници со шифра А и Б. Недостиг на конкретни цели и активности.

***Сумарен заклучок од рецензентската комисија за ракописоите***

По разгледување и анализа на ракописите, рецензентската комисија препорачува следно:

**Заклучок: врз основа на извршената стручна анализа и евалуација, како рецензентската комисија констатираат дека учебникот со шифра Б во потполност ги исполнува сите педагошки, методолошки и содржински критериуми утврдени со важечките стандарди и наставната програма. Содржината е соодветна на возраста и развојното ниво на учениците, јасно структуирана и поддржана со соодветни дидактички елементи.**

*Поради позитивната рецензија на Рецензентската комисија и потврдното мислење на Бирото за развој на образованието, на Националната комисија за учебници ѝ предлагам да биде прифатен за печатење ракописот за учебник по предметот **Ликовна уметност за втора година гимназиско образование со шифра Б**

Со почит,
Известител:

Проф.Даниела Апостоловска